Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по Предлогот за одредување времена мерка поднесен од жалителот – МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, изјавен во постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.13368/2020 за набавка на стоки – Специјални комунални возила и останати возила (кипер, цистерни, метлачки) на договорниот орган - ЈП Комунална хигиена Скопје, врз основа на член 159, став 4 и 6, а во врска со член 157 став 5 и член 160 став (1) точка 7 и став (2) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019), на 68-та Седница одржана на ден 23.12.2020 година донесе:

# З А К Л У Ч О К

1. **Предлогот за одредување времена мерка** поднесен од жалителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, во постапката по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.13368/2020 за набавка на стоки – Специјални комунални возила и останати возила (кипер, цистерни, метлачки) на договорниот орган - ЈП Комунална хигиена Скопје, **СЕ ОДБИВА.**

2. Против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган - ЈП Комунална хигиена Скопје објавил Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.13368/2020 за набавка на стоки – Специјални комунални возила и останати возила (кипер, цистерни, метлачки) и донел Одлука за избор на најповолна понуда од 17.11.2020 година. Жалба против Одлука за избор на најповолна понуда од 17.11.2020 година поднесе жалителот МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје со предлог за одредување времена мерка.

Жалителот во жалбата предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки да одреди времена мерка за запирање на постапката за јавна набавка до донесување на Решението по изјавената жалба, а имајќи во предвид дека со времената мерка не би се нанела штета на договорниот орган, туку би се штител јавниот интерес.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предлогот за одредување времена мерка поднесен од жалителот, одржа седница и согласно член 159 став 4 и 6, а во врска со член 157 став 5 од Законот за јавните набавки, утврди дека предлогот се одбива, од причина што жалителот согласно член 159 став 3 не го докажа постоењето на околностите на кои го заснова својот предлог.

Од причини погоре изложени, се донесе заклучок како во диспозитивот.

Бр.09-1129/4
23.12.2019 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје
- ЈП Комунална хигиена Скопје